

OMV

# ПРИРАЧНИК за OMV SmartPass

# СОДРЖИНА


Вовед ........................................ 3

Преглед на услуга ........................................ 4-6

Преглед на документи ........................................ 7

Нарачување ........................................ 8-9

Инсталација ........................................ 10-11

Користење ........................................ 12-16

Процедури за итни случаи ........................................ 17-21

Други настани ........................................ 22-23

Фактурирање и цени ........................................ 24-27

Кориснички портали ........................................ 28-29

Брз водич ........................................ 30-31

Златни правила ........................................ 32

Контакти ........................................ 33




OMV SmartPass with Telepass SAT K1
(Тековниот уред е достапен за нарачување)




OMV SmartPass with Telepass SAT Arianna2
(Претходен уред - веќе не е достапен за нарачување)



# ВОВЕД

## OMV SmartPass

Услугата OMV SmartPass е направена за вас како корисник на картичката OMV за да може вашата флота на тешки возила да ги подмирува патарините на едноставен начин низ Европа. Услугата е овозможена во соработка со партнерот за патарини на OMV, Telepass и Consorzio Italia Negometal.

OMV произведува и пласира на пазарот горива, како и хемиски производи и решенија на одговорен начин и развива иновативни решенија за кружната економија. OMV оперира со мрежа на бензински станици во осум европски земји и ја издава картичката OMV со функцијата ROUTEX, којашто може да се користи на бензинските станици на OMV, Petrom и Avanti, како и во мрежата ROUTEX низ Европа со преку 21.000 бензински станици во 35 земји. Корисниците на картичка OMV добиваат и дополнителни услуги, како онлајн услугите за флота на OMV, услуги со додадена вредност, вклучително плаќање патарина низ цела Европа, поврат на данок и многу други.

Telepass, со седиште во Италија, е лидер во интегрираните услуги за мобилност и цели кон создавање на интегриран систем на урбани и надворешно урбани услуги за мобилност. Telepass е пионер во мобилноста посветен на олеснување на слободата на движење на луѓето, проширување на својата понуда, инвестирање во напредни стартапи и гарантирање пристап до своите услуги во Европа.

Consorzio Italia Negometal овозможува транспортни услуги во Италија и заедно со Telepass, партнер на OMV, нуди и услуги за италијански патарини со OMV SmartPass.

Го подготвивме овој документ за вас за да ви ги презентираме најважните информации за услугата OMV SmartPass и за да се загарантира непречено плаќање патарини за вашата флота со уреди OMV SmartPass.

# ПРЕГЛЕД НА УСЛУГАТА

Плаќањето патарина со уред OMV SmartPass може да се извршува за возила:

Категории на возила N2 и N3 над **3,5 тони**.
(Данска KmToll: над 12 тони.
Швајцарија: возила регистрирани надвор од Швајцарија и Лихтенштајн.)

Категории на возила M2 и M3 над **3,5 тони**.
(Освен за швајцарските патарини. Нема обврска за патарина за автобуси во Белгија и Германија, како и за данската KmToll.)




Патарина · Фериботот · Мост · Тунел · Паркинг · Под подготовки

# ПРЕГЛЕД НА УСЛУГАТА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Австрија** | Патарина | Патарина (низ земјата) | Вклучено секциите:<br>A9 Gleinalm или тунелот Bosruck<br>A10 тунелот Tauern<br>A11 тунелот Karawanken<br>A12 рутата на долната Долина Ин<br>A13 автопатот Brenner<br>S16 брзиот автопатски тунел Arlberg |
| | Мост | Europabrücke (мост Европа) | Вклучително австриската мрежа на патарини |
| **Белгија** | Патарина | Патарина (низ земјата) | |
| | Тунел | Тунел Liefkenshoek | Само со француската мрежа на патарини |
| **Бугарија** | Патарина | Патарина (низ земјата) | |
| **Хрватска** | Патарина | Патарина (мрежа на HAC) | Автопат A1 Загреб - Сплит - Дубровник<br>Автопат A3 Брегана - Загреб - Липовац<br>Автопат A4 Загреб - Горичан<br>Автопат A5 Бели манастир - Осијек - Босна и Херцеговина<br>Автопат A6 Ријека - Загреб<br>Автопат A7 Рупа - Крижишче<br>Граница A10 Плоче - Босна и Херцеговина<br>Автопат A11 Загреб - Сисак<br>D425 Плоче - Караматиќи" |
| **Чешка Република** | Патарина | Патарина (низ земјата) | |
| **Данска** | Патарина | Патарина (низ земјата (KmToll)) | |
| | Мост | Øresund (помеѓу Данска и Шведска) | Вклучително во скандинавската мрежа |
| | Мост | Storebælt (мостот Голем Појас) | Вклучително во скандинавската мрежа |
| | Ферибот | Според easygo.com | Вклучително во скандинавската мрежа |
| **Франција** | Патарина | Патарина (низ земјата) | |
| | Мост | Вијадуктот Millau | Вклучително француската мрежа на патарини |
| | Мост | Pont de Tancarville (мостот Танкарвил) | Вклучително француската мрежа на патарини |
| | Мост | Pont de Normandie (мостот Нормандија) | Вклучително француската мрежа на патарини |
| | Мост | Pont de l'île de ré (мостот l'île de ré) | Вклучително француската мрежа на патарини |
| | Тунел | Tunnel du Puymorens | Вклучително француската мрежа на патарини |
| | Тунел | Boulevard périphérique de Lyon (обиколницата на Лион) | Вклучително француската мрежа на патарини |
| | Паркинг | Безбедна постојка за камиони Dunkerque (Craywick) | Вклучително француската мрежа на патарини |
| | Паркинг | Eurotunnel Calais (Coquelles) | Вклучително француската мрежа на патарини |
| | Паркинг | Етапа за камиони Valenc Tev (La Sentinelle) | Вклучително француската мрежа на патарини |
| | Паркинг | Етапа за камиони Bézsiers (Vendres) | Вклучително француската мрежа на патарини |
| | Паркинг | RUNGIS (Chevilly Larue) | Вклучително француската мрежа на патарини |
| | Паркинг | CCI DEUX-SEVRES / SecuriTpark (раскрсницата на автопати A10/A83) | Вклучително француската мрежа на патарини |
| | Паркинг | DELTA PARK - Dourges | Вклучително француската мрежа на патарини |
| | Паркинг | Relais de Barbezieux (Barbezieux Saint Hilaire) | Вклучително француската мрежа на патарини |
| | Паркинг | Calais Truck Stop (Marck) | Вклучително француската мрежа на патарини |
| | Паркинг | MIN de Toulouse (Marché des professionnels) | Вклучително француската мрежа на патарини |
| | Паркинг | TIP Secure Truck Parking Isoparc Sorigny | Вклучително француската мрежа на патарини |
| **Германија** | Патарина | Патарина (низ земјата) | |

# ПРЕГЛЕД НА УСЛУГАТА (прод.)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Унгарија** | Патарина | Патарина (низ земјата) | |
| **Италија** | Патарина | Патарина (низ земјата) | Само со една друга мрежа |
| | Ферибот | Villa San Giovanni - Месина (Caronte) | Вклучително италијанската мрежа на патарини |
| | Паркинг | Автопорт Sadobre (автопатот A22 Brennero-Modena, KM 24) | Вклучително италијанската мрежа на патарини |
| | Паркинг | ADR MOBILITY S.R.L. Parcheggio - Aeroporto Fiumicino Cargo Truck | Вклучително италијанската мрежа на патарини |
| | Паркинг | DOCKS CONSORZIO COMO SRL - Parking - Centro Tir Montano Lucino e Lario Tir | Вклучително италијанската мрежа на патарини |
| | Паркинг | AUTOSTRADA DEL BRENNERO SPA Parking - Trento Nord | Вклучително италијанската мрежа на патарини |
| | Паркинг | Parcheggio San Donato (Милано) | Вклучително италијанската мрежа на патарини |
| | Паркинг | Parcheggio - St. Josef (Merano, BZ) | Вклучително италијанската мрежа на патарини |
| **Норвешка** | Патарина | Патарина (низ земјата) | Вклучително во скандинавската мрежа |
| | Ферибот | Според easygo.com | Вклучително во скандинавската мрежа |
| | Тунел | Според easygo.com | Вклучително во скандинавската мрежа |
| **Полска** | Патарина | Патарина (е-патарина низ целата земја) | Освен приватните автопати |
| | Патарина | Патарина (делница помеѓу Катовице и Краков на автопат А4) | Само со една друга мрежа |
| **Португалија** | Патарина | Патарина (низ земјата) | Само со шпанската мрежа на патарини |
| | Мост | Ponte 25 de Abril (мост 25-ти април) | Само со шпанската мрежа на патарини |
| | Мост | Ponte Vasco da Gama (мост Васко де Гама) | Само со шпанската мрежа на патарини |
| **Словачка** | Патарина | Патарина (низ земјата) | |
| **Словенија** | Патарина | Патарина (низ земјата) | |
| **Шпанија** | Патарина | Патарина (низ земјата) | |
| | Паркинг | Парк за камиони Montseny (Autopista del Mediterráneo) | Вклучително шпанската мрежа на патарини |
| | Паркинг | Парк за камиони Porta Barcelona (AP-7) | Вклучително шпанската мрежа на патарини |
| | Паркинг | mowiz TRUCK Astigarraga (Gipuzkoa) | Вклучително шпанската мрежа на патарини |
| | Паркинг | mowiz TRUCK Oiartzun (Gipuzkoa) | Вклучително шпанската мрежа на патарини |
| | Паркинг | mowiz TRUCK Puerto de Almería | Вклучително шпанската мрежа на патарини |
| | Паркинг | mowiz TRUCK Fuente de San Luis (Валенсија) | Вклучително шпанската мрежа на патарини |
| | Паркинг | mowiz TRUCK Manises (Манисес, Валенсија) | Вклучително шпанската мрежа на патарини |
| | Паркинг | mowiz TruckPark Manises (Мадрид) | Вклучително шпанската мрежа на патарини |
| **Шведска** | Мост | Øresund (помеѓу Данска и Шведска) | клучително во скандинавската мрежа |
| **Швајцарија** | Патарина | Патарина (низ земјата) | |



# ДОКУМЕНТИ

Документи за регулирање на договорните аспекти на услугата OMV SmartPass:

- ☑ Општи услови за користење на картичките OMV со функцијата ROUTEX
- ☑ Меѓународни услуги и доплати
- ☑ Формулар за апликација за OMV SmartPass
- ☑ Услови за користење на OMV SmartPass, вклучително анекси:
  - o Формулар за нарачување
  - o Известување со општи информации за обработката на лични податоци овозможена од контролорот на податоци
  - o Други анекси кои ги содржат конкретните услови за користење на поединечните мрежи на патарини
- ☑ Апликација за членство во CONSORZIO за италијанска патарина (Domanda di Adesione)

Документи за уредот OMV SmartPass:

- ☑ Брз водич
- ☑ Упатство за инсталација
- ☑ Упатство за употреба
- ☑ Задолжителни упатства за патување во Белгија (услуга Viapass)
- ☑ Декларација за возило за австриските и скандинавските патарини (по приклучување на тие мрежи)

Прирачник за OMV SmartPass: постојниот документ кој содржи клучни информации за услугата и поврзаните оперативни процеси.

# НАРАЧУВАЊЕ

## КАКО ДА НАРАЧАТЕ УРЕДИ И ДА ПОБАРАТЕ АКТИВИРАЊЕ НА МРЕЖИТЕ НА ПАТАРИНИ?

- ☑ Уредите може да се нарачаат и мрежите на патарини може да се активираат за вашите возила со пополнување на **формуларот за нарачување** (табела Excel) и испраќање на корисничката поддршка на OMV.
- ☑ Особено внимавајте на **точноста на податоците** што сте ги внеле (вклучително специјалните знаци што се содржат во бројот на регистрациската табличка) и погрижете се податоците во сертификатот за регистрација на возило да се совпаѓаат со податоците внесени во формуларот за нарачување.
- ☑ Онборд единиците што ќе ги порачате ќе бидат **поврзани** со **броевите на регистрациските таблички** и ќе бидат поврзани со вашите **картички OMV** како што ќе ги наведете во формуларот за нарачување.
- ☑ Заедно со формуларот за нарачување, ќе испратите и **скенирана копија** од следните **документи** до OMV: документ за регистрација на возилото и другите документи кои служат како доказ за податоците потребни за регистрирање (на пример, СОС – Сертификат за Сообразност, CIF – Датотека за информации за клиенти, производна табличка, CEMT-документ).
- ☑ По нарачувањето, може да го проверите **статусот на испораката на OBU** на порталот за камиони.
- ☑ Корисниците што се претплаќаат за **италијанска патарина** ќе станат членови на CONSORZIO Italia Negometal (кратко „CONSORZIO“) – погледнете ги потребните документи/податоци долу. Членовите на CONSORZIO ќе имаат право на годишни попусти по користењето на италијанските патарини. Попустите се достапни за компании со седиште во Европската Унија или Велика Британија, Исланд, Лихтенштајн, Норвешка или Швајцарија - видете ги другите детали во делот за фактурирање и цени.
- ☑ Ако треба да активирате **дополнителни мрежи** за вашите **постојни уреди OMV SmartPass**, контактирајте со OMV. Во тој случај, дополнителните мрежи може да се активираат преку онлајн ажурирање.
- ☑ **Уредот OMV SmartPass може да се користи за плаќање патарини во побараните мрежи штом активирањето ќе биде потврдено од OMV.**

## ШТО ДРУГО ТРЕБА ДА ВНЕСАМ КОГА СЕ ПРЕТПЛАЌАМ ЗА ИТАЛИЈАНСКА ПАТАРИНА?

- ☑ Потпишана **апликација за членство** (документ „Domanda di Adesione“). Хартиениот примерок на потпишаната „Domanda di adesione“ ќе биде објавен на OMV или на Consorzio Italia Negometal (адреса: 6 Chemin de Jorlis, Immeuble Le Bel Rive, 64600 Англет, Франција) во рок од две недели по потпишувањето.
- ☑ **Сертификат за основање** на компанијата.
- ☑ **Лиценца на заедницата** (лиценца од ЕУ или ЕЗ за транспортни компании).
- ☑ Копија од **документацијата за возилото** (скенирана верзија за секое возило со бројот на регистрациска табличка во насловот на секој документ).
- ☑ За возила што се на лизинг или се изнајмуваат, треба да се приложат копии од договорите за секое возило.
- ☑ Копија од личната карта на законскиот претставник на компанијата.

## ШТО ДРУГО ТРЕБА ДА ЗЕМАМ ПРЕДВИД ЗА АКТИВИРАЊЕ НА МРЕЖИТЕ ЗА ПАТАРИНИ?

- ☑ **Италијанската мрежа на патарини** може да се активира само барем со уште една друга мрежа.
- ☑ Овозможувањето на **францускaта мрежа на патарини** ќе значи и автоматско овозможување на белгискиот тунел Liefkenshoek.
- ☑ **Шпанската мрежа на патарини** може да се овозможи со или без **португалската мрежа.** Меѓутоа, португалската мрежа не може да се овозможи самостојно, односно само заедно со шпанската мрежа.
- ☑ **Автопатот А4** меѓу Катовице и Краков во Полска може да се активира само барем со уште една друга мрежа.
- ☑ Активацијата на **швајцарската мрежа на патарини** мора да се изврши пред возилото да влезе во Швајцарија, во спротивно нема да биде дозволено возилото да влезе и ќе биде блокирано на влезните бариери.
- ☑ **Бугарската мрежа за патарина** може да се активира само доколку бројот на регистарската табличка на возилото не е доделен на кој било друг OBU, кој е активиран за бугарската мрежа за патарина. Доколку имате друг уред за возилото активиран за бугарската мрежа, контактирајте со добавувачот на OBU и барајте негово дерегистрирање од Бугарија.

## ШТО ДА СЕ ЗЕМЕ ПРЕДВИД ЗА АКТИВИРАЊАТА НА ПАТАРИНАТА ВО СЛУЧАЈ КОГА OBU ВЕЌЕ Е ВО УПОТРЕБА?

- ☑ За време на активирањето на патарината, OBU мора да се вклучи најмалку 15 минути во земја на Европската Унија (или во Швајцарија) во област со добра покриеност на мобилната мрежа за да се добие ажурирањето од далечина.
- ☑ Активирањето на услугата може да трае до 24 часа за да стапи во сила за следниве земји: Чешка Република, Полска, Словачка.
- ☑ Активирањето на услугата може да потрае 48 часа за да стапи на сила за следниве земји: Австрија, Хрватска, Унгарија, Словенија, Скандинавија.

# ИНСТАЛАЦИЈА

Следните документи ќе бидат обезбедени за вашиот уред OMV SmartPass и мора да се следат за безбедно инсталирање и користење на уредот:

- ☑ Кратко упатство
- ☑ Упатство за инсталација
- ☑ Упатство за употреба
- ☑ Задолжителни упатства за патување во Белгија (услуга Viapass)

**Осигурајте се дека корисниците на уредите (возачите на возилата) ќе ги добијат овие документи и ќе ги спроведат нивните упатства.**

### ИНСТАЛАЦИЈА




Уредот може да се инсталира само во позицијата покажана во упатствата за инсталација. Се препорачува единицата да се инсталира **трајно** со нејзино поврзување со електричниот систем на возилото (фиксна инсталација) од страна на специјализирана сервисна работилница. Уредот никогаш нема да биде поврзан преку USB-порта, бидејќи така може да се загрози неговата работа и може да резултира со казни.

### ИНСТАЛАЦИЈА НА SAT K1




За SAT K1 е потребна трајна инсталација. Ве молиме, следете ги упатствата опишани во Упатството за инсталација на OBU. Инсталерот треба да потврди дека уредот за паметна конекција е правилно поврзан (IPS 2.0, видете ја сликата со зелен LED-индикатор кој го покажува правилното поврзување), како и поврзаноста на уредот со напојувањето во согласност со Упатството за инсталација.

Инсталацијата на Telepass SAT K1 OBU уреди, кои не се испорачуваат со уред за паметна конекција, може да се потврди преку онлајн алатката за самостојно тестирање, Self Test Tool. Начин на користење:

1. Посетете ја веб-локацијата https://self-test-tool.telepass.com
2. Ако веќе сте регистрирани, внесете ги вашиот мобилен број и PIN.
3. Ако сè уште не сте регистрирани, внесете го вашиот мобилен број и следете го водичот (wizard).
4. Можете да го преземете прирачникот и да го погледнете видеото кое објаснува како да се инсталира и следи уредот. Видеото за инсталација на SAT K1 е достапно и на omv.com/en/omv-smartpass-documents во делот „Корисни врски“ (Useful Links).
5. Следете го водичот (wizard) за инсталација на уредот, внесете го серискиот број на уредот („SN“, 15 цифри, започнувајќи со 00059…) и регистарската табличка на возилото: уредот автоматски ќе се конфигурира.
6. Self Test Tool ќе го прикаже статусот на инсталацијата, кој може да биде позитивен или негативен според сликите подолу.
7. Доколку инсталацијата на уредот е погрешна, OBU нема да биде активиран и нема да може да се користи за наплата на патарина. Во овој случај, откажете ја инсталацијата, повторно проверете ги упатството за инсталација и видеоупатството и започнете ја инсталацијата одново.
8. Исто така, се препорачува да се проверат поврзувањата на трите кабли во соодветните осигурувачи со мултиметар. Треба да се добијат следниве резултати:
   - ☑ Напојување (црвен кабел) и маса (црн кабел) – треба да измери приближно 24 V.
   - ☑ Палење (жолт кабел) и маса кога возилото е исклучено – треба да измери приближно 0 V.
   - ☑ Палење (жолт кабел) и маса кога возилото е исклучено – треба да измери приближно 24 V.







### ТОЧКИ ЗА ВНИМАНИЕ

Уредот може **да се користи само во возилото за кое е испорачан.**

**Во истото возило не може да се користи друг уред со иста активација на мрежата за патарина**, бидејќи може да предизвика пречки меѓу уредите што ќе резултира со неисправно функционирање или двојни трошоци за транзит.

Проверете дали податоците за **возилото вомените за возила** на уредот се совпаѓаат со реалните податоци за возилото.

# КОРИСТЕЊЕ

Уредот извршува електронско плаќање на патарина кога возилото поминува низ специјалната лента со наплатна рампа за детекција или преку сателитски системи за локализација:

- ☑ Онаму каде што се користи **радиосистем** (на пр. Австрија, Хрватска, Франција, Италија, Словенија, Шпанија, Португалија), поминувањето се детектира преку антени поставени во наменски ленти или преку порти поставени на разни точки низ патната мрежа. При поминување низ порта, со звучен сигнал (и пораки на екранот во случај на уредот Telepass SAT Arianna2) се означува дека уредот функционира правилно.
- ☑ Онаму каде што има активна **сателитска услуга** (на пр. Белгија, Бугарија, Чешка Република, Германија, Унгарија, Полска, Словачка, Швајцарија), GNSS (Глобален навигациски сателитски систем) го детектира движењето на возилото по патиштата каде што се наплаќа патарина.

Во **Австрија** користењето на услугата GO е дозволено на мрежа на автопати означена со: GO

Во **Хрватска** пристапот до патарините е означен со следниве симболи:
ENC ENC: Во овој случај, услугата е „застани и оди“ (се очекува да застанете на портата) и уредот ќе испушти „сигнал“.
Брзо ENC: Во овој случај, нема да мора да застанете, но треба да го почитувате ограничувањето на брзината од 40 km на час и безбедносното растојание од 20 метри од возилото пред вас.

Во **Франција** корисниците мора да ги следат знаците на патот кога пристигнуваат на наплатната рампа. Кога се влегува на патарина, возилото треба да се престрои во лентата означена со портокалова буква „t“ и
зелена стрелка:

Во **Италија** корисниците можат да ги користат лентите Telepass (означени со T или TELEPASS ).

Во **Португалија** корисниз

Во **Словачка** користењето на услугата е дозволено на словачката патна и автопатска мрежа означена со следниве знаци:




“D” - автопати
“R” - експресни патишта
”I” - 1-ва класа на патишта
“II” - 2-ра класа на патишта
“III” - 3-та класа на патишта

Во **Словенија** користењето на услугата е дозволено на словенечката автопатска мрежа означена со следниве знаци: GO DarsGo

Во **Шпанија** корисниците можат да ги користат сите резервирани и мешани ленти кога влегуваат или излегуваат од мрежата. Manual

**Статусот на уредот** се означува преку LED-индикаторот (и преку порака на екранот, во случај на уредот Telepass SAT Arianna2) – за детални описи и упатства, видете во упатството за употреба.

**Поставување на оските:** бројот на оските на возилото (влекачот) е претходно поставен во уредот. Пред секој транзит на мрежите за патарина, **корисникот мора да провери и**, доколку е потребно, **да го ресетира бројот на оските** – мора да се земат предвид сите оски на возилото и приколката или полуприколката, вклучувајќи ја двојната тандемска оска и оските што се креваат. За **Хрватска** (мрежата на HAC), имајте на ум дека се потребни до 48 часа за промената на оските да стапи во сила, па се препорачува да се обезбеди таква промена најмалку 2 дена пред да влезете во хрватската мрежа за патарина

**Поставувањето на оските со помош на копчињата на вградената единица Telepass SAT K1** може да се изврши на следниов начин. Постапката треба да се изведе со вклучен мотор, но додека возилото е во мирување.

1. **Притиснете го копчето (B) четири пати**. По секое притискање, уредот ќе ги најави по ред следниве опции: „K1 configuration“ > „Tolling configuration“ > „Axle number setting“ > **Потоа, уредот ќе го најави моментално поставениот број на оски.**
2. За да го смените бројот на оски, **притиснете го копчето (+) или (-). Откако ќе го изберете саканиот број на оски, притиснете го копчето (B) за да потврдите. Уредот ќе репродуцира краток звучен сигнал и ќе го најави поставениот број на оски.**
3. Задржете го копчето (B) неколку секунди за да се вратите во главното мени. Уредот ќе најави: „Home“.




Во случај на **германската мрежа, тежината на возилото** ќе се провери и приспособи.

Кога се користат **австриските и скандинавските мрежи, декларацијата за возилото**, која се добива со уредот и кои било документи кои докажуваат дека припаѓа на конкретна група на патарини (регистрација, COP, CCA, ECMT), мора секогаш да бидат во возилото кое го користи уредот.

## КОРИСТЕЊЕ НА SAT K1 СО МОБИЛНАТА АПЛИКАЦИЈА TELEPASS TRUCK



- ☑ Апликацијата може да се преземе од App Store или Google Play.
- ☑ Корисникот треба да овозможи Bluetooth во паметниот телефон за користење на апликацијата
- ☑ Кога се регистрира за прв пат, корисникот треба да внесе
- ☑ адреса на е-пошта (корисничко име) и лозинка. По примање на кодот преку е-пошта, корисникот треба да го внесе.
- ☑ Корисникот треба да биде близу до уредот (кога е вклучен) за да биде спарен со апликацијата.
- ☑ Кога се најавува во апликацијата, таа го поттикнува корисникот да започне спарување. Главната LED диода на вградената единица Telepass SAT K1 ќе почне да трепка сино светло и корисникот мора да го притисне портокаловото копче Т на уредот. Откако ќе се притисне, апликацијата ќе го потврди успешното спарување.

Почетната страница на апликацијата го прикажува следново:

- ☑ Статус на К1
- ☑ Активни мрежи за патарини
- ☑ Поставка за патарина: оски и тежина

Икони во долната лента:

- ☑ Почетна страница
- ☑ Поставување оски и тежина
- ☑ Визуализирање на упатството за користење
- ☑ Визуализирање на виртуелна етикета
- ☑ Дневник







**Статус на OBU: добијте детални информации за статусот на уредот, вклучувајќи OBU led, потенцијална аномалија и потребно дејство.**

Активни мрежи за патарина: консултирајте се со мрежите за патарина кои се активни за уредот. Тука е видлив и баркодот на уредот (може да се користи по потреба, т.е. деградиран режим во Франција, Шпанија и Португалија).



**Поставки за патарина (податоци за возилото):** консултирајте се со податоците за возилото поврзани со уредот, како број на регистарска табличка и земја, класа на емисија, оски и тежина на тракторот.

**Поставка за тежина и оски:** почетната страница ги прикажува вистинските (динамични) оски и тежини поставени од корисникот. Со допирање на 2-та икона во долната лента, корисникот може да ги промени за да одговараат со вистинските параметри на камионот. Забелешка: овие податоци може да се сменат само кога возилото е неподвижно (под 5 км/час).




**Визуализација на виртуелна етикета:** преземете го формуларот за декларација на возилото, кој е потребен во Австрија и Скандинавија.

**Визуализација на упатството за користење:** преземете упатства за корисник и инсталација.

**Пуш-известувања:** може да се овозможат во горниот десен агол на почетната страница. Апликацијата ќе испраќа пуш-известувања за промени, како што се поставките за оските и тежината, статусот на уредот, активни мрежи за патарина.




## КОРИСТЕЊЕ НА SAT K1 БЕЗ МОБИЛНАТА АПЛИКАЦИЈА TELEPASS TRUCK



- ☑ Уредот може да се користи независно од мобилната апликација Telepass Truck. Операциите, како што се промените на податоците за возилото, поставување јазик, пристап до активни мрежи за патарина, податоци на возилото ќе бидат достапни на уредот. За изведените операции, уредот ќе даде гласовна повратна информација. За детални упатства консултирајте се со Quick Guide од Telepass SAT K1.

### CRAFTSMAN ОСЛОБОДУВАЊЕ ЗА ГЕРМАНСКИ ПАТАРИНА

OMV SmartPass со Telepass SAT K1 OBU:

1. Одете на страницата „Конфигурации“, потоа „Поставки за ослободување“,
2. Активирајте „Ослободување на Craftsman”.

OMV SmartPass со Telepass SAT Arianna2 OBU:

1. Притиснете ≡/✓ , а потоа одете до „Ослободување на Craftsman, а потоа притиснете ≡/✓
2. Се прикажува статусот на ослободувањето (АКТИВНО/НЕАКТИВНО)
3. Притиснете ≡/✓ за да се измени статусот

Активирањето на ослободувањето на Craftsman ќе биде видливо на врвот на екранот на OBU со икона за чекан:



# ПРОЦЕДУРА ЗА ИТНИ СЛУЧАИ

### ОПШТИ УПАТСТВА



- ☑ Во случај ако **податоците за возилото во менито за возилото** на уредот не се совпаѓаат со вистинските податоци за возилото, уредот нема да се користи за плаќање патарина и ќе се контактира со OMV.
- ☑ Во случај на **дефект** на OBU или неактивна услуга, пораките за грешка се прикажуваат на екранот на уредот.
- ☑ **Ако LED-светилката на уредот свети ЦРВЕНО и/или се прикажани пораки за грешка**, камионот НЕМА да патува и ќе се следат процедурите за итни случаи (како што е наведено во условите за користење на мрежите и сумирано во постојниот прирачник). Возачот секогаш ќе внимава и на **звучните сигнали од OBU**: 4 звучни сигнали или ако нема звучни сигнали во домените на патарини DSRC (на пример, Австрија, Франција, Словенија, Шпанија, Португалија), значи дека не е заведен транзит и според тоа нема да се следи процедура за итни случаи.
- ☑ Ако **LED-светилката трепка црвено**, врската помеѓу единицата и батеријата или запалката за цигари треба да се провери. Ако проблемот продолжи, контактирајте со OMV.
- ☑ Кога поминувате низ наплатна рампа со **автоматска бариера**, ако **таа не се отвори**, запрете и побарајте помош од услужниот персонал. Ако не се достапни конкретни ленти, користете наплатна рампа со работник и почекајте го услужниот персонал.
- ☑ **Доколку треба да обезбедите плаќање на патарина во одредена мрежа преку алтернативен метод** (видете ги деталите во следниот дел) **поради неисправност на OBU, ова OBU треба да се чува во заштитена кутија, на пр. во неговата оригинална кутија, за да се избегнат двојни плаќања.**

### АВСТРИЈА

Ако уредот има дефект во Австрија, треба да излезете од мрежата и да отидете до најблиското продажно место GO за:



- ☑ **да извршите ретроактивно плаќање**, ако системот ASFINAG за слободен проток регистрирал барем една трансакција. Неплатената патарина може да се плати на продажните места GO во рок од 5 часа и во радиус од 100 km од наплатната рампа каде што патарината не била платена според очекуваното со приложување на декларацијата за возилото и вашата картичка OMV (или други начини на плаќање прифатени од ASFINAG).
- ☑ Или, ако системот ASFINAG за слободен проток никогаш не регистрирал трансакција за да се добие **заменски уред GO Box** од ASFINAG, што може да се плати со картичка OMV.

## БЕЛГИЈА

Во случај ако уредот не работи правилно во Белгија, **може да контактирате со корисничката поддршка на Telepass** (наменета само за белгиската патарина) преку 0800 81 449 (бесплатен број за повици од Белгија) или +39 055 93 680 01 (за повици надвор од Белгија услугава не е бесплатна). Поддршката за клиентите е достапна 24/7 на англиски, германски и италијански јазик, а од 6:00 до 22:00 часот секој ден на француски, полски и шпански. Пред да повикате помош, подгответе ги следниве податоци: бројот на регистрациска табличка, OBU ID, име или даночен број на компанијата што го поседува возилото.

Алтернативно, можете да контактирате со OMV за да го блокира уредот за да можете да добиете заменски сателитски уред на сателитска услужна точка во рок од 3 часа од блокирањето на OBU плаќајќи во готово или со кредитна картичка. Имајте предвид дека ако добиете сателитски уред, возилото нема да има дозвола да патува со 2 уреди OBU и според тоа дефектниот уред мора да се отстрани, изолира или складира во кутија.

## БУГАРИЈА

Во случај на дефект на уредот, корисникот мора да изврши претплаќање со купување на **„пропусница за рута“**:

- ☑ на бензинските станици на OMV во Бугарија со картичка OMV или
- ☑ на веб-сајтот на Tollpass (tollpass.bg) со платежна картичка.

## ХРВАТСКА

- ☑ Неуспех на влезната порта: Ако уредот не работи на влезот, мора да се земе билет. На излез, корисникот мора да повика помош и да го покаже уредот. Помошта ќе провери дали работи и доколку работи, транзитот (и секој попуст) ќе се наплаќа преку уредот. Ако не работи, треба да се користи друг начин на плаќање (попустот нема да се примени).
- ☑ Неуспех на излезната порта: Ако уредот не работи на излез, мора да се повика помош. Помошта ќе го провери функционирањето на уредот и, доколку работи, транзитот (и секој попуст) ќе се наплаќа преку уредот. Ако не работи, треба да се користи друг начин на плаќање (попустот нема да се примени).

## ЧЕШКА РЕПУБЛИКА

Во случај на неисправност на уредот, корисникот треба да запре на најблиското место што овозможува безбедно паркирање и да ја контактира компанијата OMV. Ако проблемот не може да се реши далечински, корисникот треба да се упати до најблиската национална точка за дистрибуција на уреди во Чешка (може да се провери на myto.gov.cz) и да купи национален уред со OMV картичка за да може да го продолжи патувањето.



## ДАНСКА (KmToll низ целата држава)

Во случај на неисправност на уредот, корисникот треба да купи билет онлајн преку веб-страницата vejafgifter.dk. Плаќањето може да се изврши со банкарска картичка, а корисникот ќе добие потврда за KmToll билетот.

## ФРАНЦИЈА

Ако уредот не работи правилно, корисникот треба да **избере лента каде што има лице што врши наплата на наплатната рампа** и да го прикаже уредот на лицето кое потоа ќе ја прочита етикетата прикачена на уредот.
Ако возилото веќе влегло во автоматска лента кога навлегува или излегува од патарина, возачот треба да го користи интеркомот за да се побара помош.
Ако уредот не работи

- ☑ Кога влегувате, користете ја лентата без профил, означена со панелите и земете тикет од автоматот.
- ☑ Кога излегувате, користете ги лентите и предајте го уредот со тикетот.

## ГЕРМАНИЈА

Ако уредот е дефектен, возилото треба да **излезе од мрежата** и да ги користи алтернативните начини на плаќање понудени од Toll Collect, односно да купи тикет преку мобилна апликација или интернет со картичка OMV (или други начини на плаќање што се прифатени од Toll Collect).

## УНГАРИЈА

Во случај на дефект на уредот, возачот безбедно ќе застане на најблиското паркинг место и билетот за рута може да се купи на веб-страницата HU-GO преку плаќање со банкарска картичка.”

## ИТАЛИЈА

Ако уредот не работи:

- ☑ Кога влегува на патарина, возачот ќе го земе тикетот на влезот од наплатната рампа и за да ја подмири рутата при излез, возачот ќе го вметне тикетот во конкретниот отвор и кодот на уредот автоматски ќе се вчита од системот. Ако се работи за излезна лента со лице што врши наплата, возачот ќе го предаде тикетот на лицето и ќе го информира лицето дека возилото е опремено со уред.
- ☑ Кога излегува, ќе го информира лицето што врши наплата за влезната наплатна рампа. Ако се работи за автоматизирана наплатна рампа без лице што врши наплата, возачот треба да го притисне копчето за барање помош и да го информира персоналот преку интерком.

## ПОЛСКА (е-патарина низ целата земја)

Ако уредот не функционира правилно во Полска, плаќањето на патарина мора да се загарантира преку алтернативен метод, на пример, преку мобилната апликација e-TOLL PL. За да се загарантира беспрекорен процес, се препорачува да се отвори сметка на порталот e-TOLL однапред, да се регистрираат податоците за возилото, како и бизнис ИД од мобилната апликација e-TOLL PL.
Мобилната апликација e-TOLL PL може да се преземе на паметни телефони со iOS или Android. Апликацијата овозможува бизнис ИД која може да се поврзе со број на регистарска табличка во порталот e-TOLL. Штом поврзувањето ќе заврши и плаќањето ќе биде готово на вашата сметка e-TOLL (на пример, надополнување со банкарска картичка), може да се плаќа патарина:

- ☑ или во апликацијата e-TOLL PL, односно од возачот со започнување и завршување на патувањето преку апликацијата,
- ☑ или во порталот e-TOLL, со влегување во областа „Завршете го патувањето“, каде што може да се заведат тргнувањето (каде што OBU прекинало да работи) и дестинацијата.

## ПОЛСКА (автопат А4 помеѓу Катовице и Краков)

Ако има проблем и возилото веќе влегло во лентата кога влегува или излегува од патарина, **треба да се побара помош од операторот.**

## ПОРТУГАЛИЈА

Ако возилото веќе влегло во автоматска лента кога навлегува или излегува од патарина, **возачот треба да го користи интеркомот за да побара помош.**

Ако уредот не работи:

- ☑ При влез, земете го тикетот.
- ☑ При излез, користете ги лентите за плаќање со лице што врши наплата или автоматска готовина
- ☑ Во случај на проблем при влез и излез, користете го интеркомот за помош и почекајте да дојде вработено лице.

## СЛОВАЧКА

Во случај на дефект на уредот, возачот безбедно ќе застане на најблиското паркинг место и ќе контактира со Telepass Hotline или OMV Customer Support, обезбедувајќи ги барем следниве информации: број на регистарска табличка, националност, ID на OBU и локација. Ако проблемот не може да се реши од далечина:

- ☑ ако возилото нема словачка национална патарина OBU: корисникот ќе оди до најблиската дистрибутивна точка Myto за да добие словачки национален OBU, плаќајќи депозит во готовина или со кредитна картичка и ќе ја надополни својата национална припејд сметка за патарина.
- ☑ ако возилото има словачка национална патарина OBU: повторно ќе биде пуштено во употреба.



## СЛОВЕНИЈА

Во случај на дефект на уредот, возачот ќе застане на најблиската точка DarsGo и ќе изврши ретроактивно плаќање. Со цел да продолжи со патувањето на словенечката патарина, и ако уредот не може да се поправи, словенечката патарина може да се обезбеди преку единицата DarsGo, која може да се добие на точките DarsGo.

## ШПАНИЈА

Ако возилото веќе влегло во автоматска лента кога навлегува или излегува од патарина, **возачот треба да го користи интеркомот за да побара помош.**
Ако уредот не работи:

- ☑ Кога влегувате, земете го тикетот.
- ☑ Кога излегувате, користете ги Manual лентите и предајте го уредот со тикетот.
- ☑ Ако има проблем кога влегувате или излегувате, користете го интеркомот за да побарате помош и почекајте помош од персоналот.

## ШВАЈЦАРИЈА

Во случај на неисправност на уредот, патарината во Швајцарија мора да се плати преку порталот Via (via.admin.ch/shop), така што ќе го регистрирате патувањето онлајн. Плаќањето може да се изврши со OMV картичка.

# ДРУГИ НАСТАНИ

## ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИ

- ☑ Навремено **известете ги OMV во писмена форма за какви било промени** на вашите детали за контакт, податоците за компанијата или возилото (особено бројот на табличката и EURO-класата на емисии).
- ☑ **Ако го префрлате OMV SmartPass уредот од едно во друго возило** (во рамки на истата компанија), задолжително пријавете ја новата регистарска табличка поврзана со уредот во OMV. Возилото не смее да тргне на пат додека OMV не ја потврди промената, за да избегнете казни. Откако ќе добиете потврда од OMV, проверете дали во уредот OBU се внесени точните податоци (новата регистарска табличка, EURO класа на емисија, број на оски на влечното возило, активирани земји итн.). Дури потоа ќе можете да ги менувате бројот на оски или тежината преку уредот или мобилната апликација и да го користите уредот за плаќање патарина.
- ☑ Во случај на измена на податоците поврзани со возилото/уредот, треба да се изготви **нова декларација за возило** (потребна за Австрија и Скандинавија) од страна на OMV.

## ЗАГУБА/КРАЖБА

- ☑ **Загубата/кражбата** на уредот **мора веднаш да се пријави кај OMV** и во писмена форма каде што се пријавува корисничкиот број на OMV, бројот на картичката OMV и регистрациската табличка поврзана со уредот. Може да побарате замена на загубениот/украдениот уред.
- ☑ По добивањето на овие информации, OMV ќе го блокира уредот во рок од еден работен ден и блокирањето ќе стапи во сила до 48 во зависност од доменот на патарина.
- ☑ Деактивирањето на услугата, како и блокирањето на уредот поради кражба/загуба и привременото блокирање на уредот нема да имаат ефект ако возилото е на швајцарска територија.

## ДЕФЕКТ

- ☑ Во случај ако OMV SmartPass е во дефект, информирајте ги OMV што е можно поскоро за да се провери проблемот и може да побарате замена на дефектниот уред. Процедурите за итни случаи (како што е опишано во претходниот дел на овој прирачник) ќе се следат во случај на дефект.
- ☑ Пријавете го дефектот на OMV со следниве податоци: број на клиент, број на регистарска табличка на возилото, детали за дефектот, како земја, датум и прибл. време, LED за статус, статус на OBU во апликацијата Telepass Truck (во случај на Telepass SAT K1), порака на OBU дисплејот (во случај на Telepass SAT Arianna2), фотографија и/или опис на неисправноста.
- ☑ Доколку треба да обезбедите плаќање на патарина во одредена мрежа преку алтернативен метод (на пример, национален OBU) поради неисправноста на вашиот OMV SmartPass OBU, тој ќе се чува во заштитена кутија, на пример, во неговата оригинална кутија, за да избегнете двојни плаќања.

## ВРАЌАЊЕ НА УРЕДИТЕ

- ☑ Уредот ќе се врати во случај на следниве настани на адресата на Telepass долу. Кога го враќате, ставете го уредот во заштитено пакување (на пример, во својата оригинална кутија) и се препорачува со користење на официјална услуга за испорака на пакети.
- ☑ Случаи на враќање:
  - ➲ о уредот е најден по пријавување загуба/кражба кај OMV
  - ➲ о дефектен е и побарана е замена
  - ➲ о сте одлучиле да прекинете со користењето и да го вратите уредот
  - ➲ о договорот престанал да важи
- ☑ Адреса: Telepass Warehouse C/O Kostelia Srl, Via A. Gramsci 78/A, Barberino di Mugello, 50031 (FI), Italy
- ☑ Информирајте ги OMV однапред за враќањето на уредот, но најдоцна до датумот на испраќање.

# ФАКТУРИРАЊЕ И ЦЕНИ

## ФАКТУРИРАЊЕ

Фактурите за патарина се издаваат според различни модели, во зависност од системот на наплата во конкретната земја:

А) Фискална фактура издава OMV (OMV - International Services GmbH). Во фактурата, трансакцијата за патарината е прикажана по возило и по ден.

Б) FФискална фактура/извештај издава Telepass во име на соодветните наплаќачи на патарина, со детална спецификација на трансакциите по возило. Овие фактури/извештаи од Telepass може да ги преземете преку Telepass Truck Portal (truck.telepass.com). За овие услуги, OMV издава белешка за задолжување со збирни (агрегирани) податоци по картичка што завршува на 99999X (односно вкупен износ за сите возила и сите денови во пресметковниот период).

В) За италијанските патарини, фискалната фактура ја издава Consorzio Italia Negometal, со детална спецификација по возило. Таа е достапна за преземање на порталот MyNegometal (my.negometal.com). Во случај на италијански патарини, OMV издава белешка за задолжување каде што трансакциите се прикажани по возило и по ден.

Плаќањето во врска со сите овие услуги ќе се направи кон OMV како дел од стандардниот процес на плаќање редовни фактури за OMV картичка.

| **Услужна земја** | **Сервис за патарина** | **Модел на фактурирање** |
|---|---|---|
| Австрија | Патарина | A |
| Белгија | Патарина | B |
| Белгија | Тунел Liefkenshoek | A |
| Бугарија | Патарина | B |
| Хрватска | Патарина (HAC) | A |
| Чешка Република | Патарина | B |
| Данска | Патарина, мостови | B |
| Франција | Патарина, мостови, тунели, паркинг | A |
| Германија | Патарина | B |
| Унгарија | Патарина | A |
| Италија | Патарина, паркинг, фериботи | C |
| Норвешка | Патарина, мостови, тунели | A |
| Норвешка | Фериботи | B |
| Полска | Патаринал (e-TOLL) | B |
| Полска | Делница меѓу Катовице и Краков на автопат A4 | A |
| Португалија | Патарина, мостови | A |
| Словачка | Патарина | A |
| Словенија | Патарина | A |
| Шпанија | Road toll, parking | A |
| Шведска | Ересундски мост | B |
| Швајцарија | Патарина | B |
| | Надоместоци поврзани со | A |



## ЦЕНИ

Цените за патарина се дефинирани од локалните власти и/или наплаќачите на патарина на соодветната мрежа на патарини. Можете да ги најдете на веб-сајтовите на наплаќачите на патарина.

За услугата OMV SmartPass, OMV ќе ви наплати дополнително за услуги или надоместоци во согласност со важечкиот список за „Меѓународни услуги и доплати“.

## ШЕМИ НА ПОПУСТИ



- ☑ **Чешка Република:** наплаќачот на патарина во Чешка нуди попусти од 6 до 13 % во зависност од вкупниот износ на патарини во CZK наплатени од возилото во дадена календарска година (прагови: 65.000 CZK, 95.000 CZK, 170.000 CZK, 270.000 CZK). За да се осигурите дека ќе добиете попуст, доставете ги до OMV сите потребни податоци и документи за возилото и компанијата во согласност со постапката за нарачка. Доколку се достигнат праговите, чешкиот наплаќач на патарини ќе ја контактира компанијата и ќе го исплати попустот еднаш годишно директно на компанијата преку банкарски трансфер.
- ☑ **Хрватска:** следниве попусти ќе бидат доделени за возила над 3,5 тони (т.е., категории на возила III и IV, според категоризацијата на веб-сајтот на HAC) според HAC од вашата хрватска патарина:
  - ➲ Попуст од 21,74 %
  - ➲ Дополнителен попуст од 3 % за класата на емисија EURO 5 и EEV
  - ➲ Дополнителен попуст од 7 % за класата на емисија EURO 6
- ☑ **Франција:** редовните корисници на француската мрежа на патарини може да добијат попусти, кои се применуваат од страна на наплаќачите на патарина во возврат за месечен износ ако одредени услови се исполнат (на пример, број на патници, обрт на даден автопат, еколошка класа на возилото) - за детали, видете го документот „Француска патарина - комерцијални услови“.
- ☑ **Италија:** по одредени услови, како класата на емисии на возилото (како што е дефинирано од Albo, Comitato Centrale Albo Autotrasportatori, којшто е централниот комитет на регистарот на превозници на Италија) членовите на CONSORZIO може

да добијат попуст до максимум 13 % од италијанскиот обрт на патарини и се исплаќа еднаш годишно ретроактивно. Попустите се достапни за компании со седиште во Европската Унија или Велика Британија, Исланд, Лихтенштајн, Норвешка или Швајцарија. Пред да добие попуст, корисникот треба да ги следи упатствата на CONSORZIO и OMV (на пример, да поднесе декларација според шаблонот на CONSORZIO).

- ☑ **Скандинавија (мост Öresund):** Преку ØresundBUSINESS може да имате корист од специјалните тарифи како што е предвидено на овој веб-сајт: https://www.oresundsbron.com/en/prices-business. За да се регистрирате за ØresundBUSINESS, продолжете на следниов начин:
  - ➲ 1. Одете до https://www.oresundsbron.com/business/register.
  - ➲ 2. Пополнете ги потребните податоци и PAN* за да го направите договорот. Забележете го следново:

    a) Под „Payment provider“ изберете „SkyttelPass“.

    b) Означете го полето HGV за да не се наплатат такси. Имајте предвид дека таксата за ØresundBUSINESS може да се наплати од страна на патаринскиот систем, доколку не се генерираат транзити со PANs* поврзани со специфичен договор во текот на една година (годината се брои од датумот на претплата). Вредноста на таксата се менува секоја година.

    c) Доволно е да се регистрира само еден скандинавски PAN* за секој клиент, тогаш сите други PAN* ќе бидат додадени автоматски во рок од 72 часа од претплатата на договорот (под услов сите PAN да припаѓаат на истиот провајдер на OBU). Може да го потврдите статусот на PAN поврзани со договорот за ØresundBUSINESS директно на веб-сајтот на Oresund.

    * PAN: Скандинавскиот PAN на единицата може да се најде на формуларот за декларација на возилото на OBU.

- ☑ **Скандинавија (мост Storebaelt):** Вашите тешки товарни возила со класа на емисии EURO емисиона класа ЕУРО 6, или електрични или водородни возила може да имаат корист од зелениот попуст на мостот Storebaelt: 13% попуст на стандардната транзитна цена, која ќе биде одобрена за секој премин на мостот. По ваше барање, OMV може да го регистрира вашето возило преку патаринскиот систем со обезбедување на копија од сертификатот за регистрација на возилото (или друг документ за возило) за проверка на VIN бројот на возилото и неговата класа на емисија EURO. Патаринскиот систем ќе наплати еднократна такса од DKK 200 (со ДДВ) за регистрација на секое возило.

- ☑ **Скандинавија (траекти во Норвешка):** Купувачите ќе добијат попуст од 10 % за операторите на траекти кои нудат плаќање со Telepass SAT уред активиран за Скандинавија.

- ☑ **Словачка:** Словачкиот наплаќач за патарина обезбедува попусти помеѓу 3-11% во зависност од тежината на возилото и километри поминати од камионот во календарска година (прагови: 5000, 10.000, 20.000, 30.000, 50.000 km). Повеќе детали се достапни на веб-сајтот emyto.sk. За да добиете попуст, обезбедете OMV со регистарскиот број на вашата компанија. Попустите не важат за автобусите.

- ☑ **Шпанија:** попустите на шпанската мрежа на патарини се применуваат автоматски од наплаќачите на патарина ако се исполнат одредени услови (на пример, број на премини на даден автопат).

- ☑ **Швајцарија:** со користење на уредот OMV SmartPass за плаќање на швајцарската патарина (данок) можете да искористите и намалени цени за млеко, дрво, животни, комбиниран сообраќај овозможени од швајцарскиот наплаќач на патарина. Ќе ја платите нормалната тарифа со уредот и потоа можете директно да аплицирате кај EZV за да добиете рефундирање на попустот. За детали, погледнете го веб-сајтот на EZV (ezv.admin.ch).

Забелешка: шемите за попусти и условите се предмет на промена од соодветните патарински системи.

# КОРИСНИЧКИ ПОРТАЛИ

## ОНЛАЈН УСЛУГИ ЗА ФЛОТА НА OMV




Освен редовните трансакции со картичка OMV, онлајн услугите за флота на OMV (FOS) нудат контрола и над вашите трансакции за патарина со OMV SmartPass. Како сопственик на картичка OMV имате пристап до трансакции, како и до фактурите/белешките за задолжување издадени од OMV.




## ПОРТАЛ ЗА КАМИОНИ

Преку Telepass Truck Portal (truck.telepass.com) можете да добиете пристап до следниве податоци и документи:

- ☑ Консултација за уреди и истражување:
  - ➲ Статус на испорака на OBU
  - ➲ Податоци за возило
  - ➲ Активирани мрежи на патарини
  - ➲ Список за патување (прелиминарни трансакции)
  - ➲ Известувања
- ☑ Прегледување и преземање фактури/извештаи за патарини издадени од Telepass во име на наплаќачите на патарини за корисникот (за патарините во Белгија, Бугарија, Чешка, Данска, Германија, Полска (e-Toll), Шведска и Швајцарија, и за Норвешките фериботови)..
- ☑ **HUB4Trucks** обезбедува далечински преглед за Менаџерите на возниот парк (Fleet Managers) за статусот на нивните OBU уреди. Достапни се следниве функции:
  - ➲ Преглед на OBU уредите и нивниот статус,
  - ➲ Детален статус на OBU уредите: напојување, наплата на патарини, оски и тежина,
  - ➲ Активни домени за патарини,
  - ➲ Преземање Декларација за возило (Австрија, Унгарија, Скандинавија),
  - ➲ Аномалии на OBU уредите,
  - ➲ Историја на промени на оски и тежина.




Пристап до порталот за камиони ќе добиете од OMV по регистрација за услуга OMV SmartPass. По регистрирањето за OMV, ќе добиете е-порака која содржи линк за регистрација (имајте предвид дека линкот истекува по 48 часа).

Ако ја заборавите лозинката, контактирајте со OMV и ќе добиете е-порака со линк за ресетирање на лозинката.

## MYNEGOMETAL PORTAL

На MyNegometal Portal (my.negometal.com) можете да ги прегледате и преземете фактурите издадени од CONSORZIO.

Пристап до MyNegometal Portal ќе добиете по претплаќање за италијанска патарина.

# БРЗ ВОДИЧ

## TELEPASS SAT K1'S ОПЕРАЦИИ

| | **DSRC (една лента)** Хрватска, Франција, Италија, тунелот Лифкенсхоек (БЕЛ), Полска (А4), Португалија, Шпанија, Оресунд и мостовите Great Belt (ДАН/ШВЕ) | **DSRC (слободен премин)** Австрија, Норвешка, Словенија | **GNSS** Белгија, Бугарија, Чешка Република Данска (KmToll), Германија, Унгарија, Полска (е-TOLL), Словачка, Швајцарија |
|---|---|---|---|
| | STOP 30 40 Камионот мора да запре или да забави кога се приближува до патарина | Камионот вози нормално (во рамките на законската брзина) | Камионот вози нормално (во рамките на законската брзина) |
|  Правилно плаќање на патарината |  x 1 Зелено LED-светло и сигнален звук при поминување низ патарината |  x 1 Зелено LED-светло и сигнален звук при поминување низ точка на патарина |  Зелено LED-светло |
|  Дефект | Без светло или со црвено LED-светло (не трепка или трепка) Без или повеќе сигнални звуци | Без светло или со црвено LED-светло (не трепка или трепка) ИЛИ Без или повеќе сигнални звуци | Без светло или со црвено LED-светло (не трепка или трепка) |

**ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПОСТАВКИ ЗА OBU**

**Број на осовини:**
• Пред секој транзит, корисникот ќе провери и, ако треба, ќе го ажурира бројот на осовини земајќи ги предвид сите осовини: сите осовини на возилото, приколката или полуприколката мора да се земат предвид, вклучувајќи ја двојната тандем-осовина и осовина што се крева.
• За Хрватска (HAC мрежа), потребни се до 48 часа за да се стави во сила промената на осовините.

**Тежина:**
• Германија и Полска: пред секој транзит во ГЕР/ПОЛ, корисникот ќе провери и, ако е потребно, ќе ја ажурира тежината на возилото



# БРЗ ВОДИЧ

## ИТНИ ПРОЦЕДУРИ ВО СЛУЧАЈ НА ДЕФЕКТ НА OBU

| **DSRC (една лента)** Хрватска, Франција, Италија, тунелот Лифкенсхоек (БЕЛ), Полска (А4), Португалија, Шпанија, Оресунд и мостовите Great Belt (ДАН/ШВЕ) | **DSRC (слободен премин)** Австрија, Норвешка, Словенија | **GNSS** Белгија, Бугарија, Чешка Република Данска (KmToll), Германија, Унгарија, Полска (е-TOLL), Словачка, Швајцарија |
|---|---|---|
| • Побарајте помош на патарината или земете билет кога влегувате во патарината.<br>• Покажете го баркодот на OBU или во мобилната апликација на персоналот.<br>• **Оресунд и мостовите Great Belt (ДАН/ШВЕ):** покажете ја на персоналот декларацијата за возилото. | • **Австрија:** излезете од мрежата, одете до најблиското продажно место на GO и побарајте помош.<br>• **Норвешка:** не треба ништо да правите; регистарската табличка ќе биде заведена од системот на патарини.<br>• **Словенија:** излезете од мрежата, одете до најблиското услужно место на DARS-GO и побарајте помош. | • **Бугарија:** купете рутна пропусница со картичка OMV на бензинските пумпи OMV.<br>• **Данска:** купете билет за рутата на vejafgifter.dk.<br>• **Германија:** купете билет со картичка OMV преку веб-сајтот Toll Collect.<br>• **Унгарија:** купете билет за рутата на HU- GO.Hu<br>• **Белгија:** јавете се на Telepass Hotline (+390689416333). Доколку е потребно блокирање на OBU за Белгија, набавете Satellic уред на сервисен пункт на Satellic.<br>• **Полска:** користете ја е-TOLL PL мобилната апликација.<br>• **Чешка Република:** јавете се на OMV или Telepass Hotline.<br>• **Словачка:** јавете се на Telepass Hotline (+390689416333).<br>• **Швајцарија:** регистрирајте го патувањето преку порталот Via (via. admin.ch/ shop). |

# ЗЛАТНИ ПРАВИЛА

## 1 ИНСТАЛИРАЈТЕ ГО ПРАВИЛНО УРЕДОТ OBU

- Верификација со уред за паметна конекција (IPS 2.0) или Self Test Tool.
- *Поврзани документи: Инсталација Прирачник и видеоупатство.*



## 2 РЕДОВНО АЖУРИРАЈТЕ ГИ ОСКИТЕ

- Проверувајте ги пред секој транзит.
- Земете ги предвид сите оски: на тракторот и приколката или полуприколката, вклучувајќи двојни тандем оски и оски што се подигаат.
- За Хрватска (HAC мрежа), промената на оските стапува во сила по 48 часа.
- *Поврзан документ: Упатство за употреба.*




A: За нарачка: број на оски на влечното возило

B: При користење на OBU: влечно возило + приколка

## 3 ВОЗАЧОТ ТРЕБА ДА ГО НАДГЛЕДУВА OBU

- Следете ги LED и звучните сигнали.
- *Поврзан документ: Упатство за употреба.*



## 4 МЕНАЏЕРОТ НА ВОЗНИОТ ПАРК ТРЕБА ДА ГО НАДГЛЕДУВА OBU

- Преку HUB4Trucks на Telepass Truck Portal.
- Статус на OBU, историја на поставки за оски/тежина, аномалии.
- *Поврзан документ: Брзиот водич на Telepass Truck Portal.*



## 5 СЛЕДЕТЕ ЈА ПРОЦЕДУРАТА ЗА ИТНИ СЛУЧАИ ПРИ АНОМАЛИЈА НА OBU УРЕД

- Следете ја процедурата за итни случаи на соодветната земја поврзана со патарините.
- Пријавете ја аномалијата на OBU уредот кај OMV.
- Поврзани документи: Упатството за употреба, овој прирачник, прилозите на OMV, Условите за користење на SmartPass.





# КОНТАКТИ

Ако имате какви било прашања за услугата, тимот за картичка OMV со задоволство ќе ви помогне со следниве податоци за контакт:

**Корисничка поддршка на OMV**

+43 1 40440 26026

card.customersupport@omv.com

www.omv.com/cards

www.omv.com/omv-smartpass

OMV SmartPass документи:
https://www.omv.com/en/omv-smartpass-documents

Ако ви треба брза поддршка со вашата вградена единица, можете да контактирате со телефонската линија Telepass:

**Telepass телефонска линија**

+43 1 40440 26026

(достапно 24/7 на англиски, германски и италијански, и од 6:00 до 22:00 секој ден на француски, полски и шпански)

**ПРАВНА ИЗЈАВА**

OMV ги презеде сите разумни напори за да загарантира дека информациите во постојниот прирачник за OMV SmartPass се точни и целосни во времето на издавање. Меѓутоа, може да има некои ненамерни или случајни грешки за кои се извинуваме.
OMV не дава гаранции во однос на информациите објавени во прирачников. OMV исто така го резервира правото да изврши промени на документов без претходно известување. OMV не презема одговорност за грешките или изоставените информации во прирачников. Сите одлуки направени врз основа на информациите или какво било користење на информациите во прирачников според тоа е на одговорност само на корисникот. OMV не презема одговорност, дали според договор, неизвршување обврски или поинаку за кои било директни, индиректни или други загуби или трошоци, без разлика дали се директно или индиректно сносени од корисникот на прирачников, во случај кога корисниците се потпирале на информацииве или ги користеле информацииве содржани во прирачников.
Најскорешните и важечки информации и упатства се содржат во важечката верзија на „Условите за користење" на OMV SmartPass и/или во документите доставени со уредот OMV SmartPass (на пример, упатства за ракување, упатства за фиксирана инсталација, задолжителни упатства за патување во Белгија).
OMV во документов може да упатува на OMV Slovensko s.r.o. (Einsteinova 25 851 01 Bratislava, Slovakia) или OMV - International Services GmbH (Trabrennstrasse 6-8, 1020 Vienna, Austria) или двете.

Прирачник за OMV SmartPass ажуриран во јануари 2026 г.

**ПРИРАЧНИК за**
**OMV SmartPass**